Алкохол - дезинфекција од дезинформација

Земајќи го во предвид фактот дека медиумите само отсликуваат дел од реалноста, на начин на којшто одлучиле да го прават тоа, еден од најважните фактори кои треба да ги поседуваме е медиумската писменост. Граѓаните секојдневно преку традиционалните и социјалните медиуми добиваат многу информации за различни теми од општествениот живот. Меѓу нив има и дезинформации или невистинити содржини. Затоа неоходно е да ги толкуваме пораките кои ги примаме преку медиумските канали. Секој новинарски текст треба внимателно да се прочита, разгледа, разбере, анализира и притоа критички да се протолкува. Но, голем број луѓе, се фаќаат на мамката наречена дезинформација. Тоа се информации кои имаат погрешна или непроверена содржина и најчесто се креирани со штетна намера. Најопасен вид на дезинформации се делумните вистини бидејќи се проектирани да ги намамат луѓето. Голем дел од нив ја читаат само првата реченица пред да ги споделат содржините.

Следејќи ги вестите поврзани со КОВИД - 19, тема која е најактуелна деновиве и ја засега целата популација на земјината топка, наидовме на информација со околу 13.000 прегледи и наслов кој веднаш ни привлече внимание: **Британец во Кина се излечил од Корона вирусот, затоа што пиел еден алкохолен пијалок?** – објавена на веб порталот tocka.com.mk.

По подлабинско истражување, сосема ист или делумно сличен наслов, забележавме и во други веб портали, и тоа: www.mtm.mk, www.24info.mk, www.a1on.mk, www.localno.mk, www.makfax.mk, www.puls24.mk, www.kurir.mk, www.vecer.mk, www.slobodenpecat.mk, www.vesnik.com, www.sitel.com.mk и www.infomax.mk.


Сега, кога целата јавност будно ги следи случувањата со пандемијата, сосема неетички и непрофесионално е да се шират дезинформации на оваа тема. Што е неетичко во веста која ја анализираме? Тврдењето од 13 веб портали дека има лек за корона вирусот. А, што претставува дезинформацијата? Токму тврдењето дека лек е алкохолен пијалок. И тргнуваме од насловот, а за анализа ќе ја земеме веста објавена во веб порталот tocka.com.mk. Истиот привлекува внимание и како и типичните клик бејт наслови не може да се очекува дека во содржината која се нуди ќе се прочитаат сериозни информации. Меѓуоа, од големиот број прегледи заклучивме дека оваа вест навистина го привлекла вниманието на голем дел од јавноста. Читајќи го текстот понатаму, може да се дознае дека лекот за корона е виски со мед, според тврдењата на британецот Конор Рид. Скоро сите веб портали кои ја објавиле оваа информација, воопшто и да не се разликуваат по содржината на текстот. Исто така, неопходно е да се констатира дека од целиот новинарски текст, највоочлива е следната изјава:

- „Користев инхалатор кој ми помогна околу кашлицата и пиев топло виски со мед додека не го потрошив. Тоа е стар лек, но се чини дека „проработи“. Одбив да користам антибиотици затоа што не сакав никакви фармацевтски помагала“.

Оваа изјава, со неколку различни зборчиња во некоја од реченициите може да се забележи во сите 13 веб портали, што наговестува за фактот дека изјавата е дадена за странски веб портал, а тоа е т.н www.thesun.co.uk. Нашите новинари имаат направено превод на целата содржина без притоа да ја проверат веродостојноста на веста, вистинитоста на она што е изнесено до јавноста и самиот изворот од каде е превземена истата.

Секоја информација без основна проверка на фактите е сомнителна и може да претставува дезинформација.

Токму затоа, направивме дополнително истражување на јавните изјави кои ги има дадено личноста на која се базира целата вест, односно британецот Конор Рид. Ако го сумираме досега кажаното, веста е објавена на веб порталот TheSUN на 3 февруари 2020 година, а точно истиот датум всушност и е пренесена од страна на македонските веб портали. Меѓутоа, исто така забележавме дека низ дигиталниот простор кружи и видео кое е објавено од Британска дневна телевизиска програма This Morning што се емитува на ITV во Велика Британија. Двајцата новинари кои ја водат емисијата направиле кратко интервју со британецот. Во видеото овој човек кој е излечен од корона вирус, констатира дека дејсвото кое го има топлиот алкохолен пијалок со мед влијае врз сузбивање на настинка, врз намалување на болката во грлото и ги олеснува симтомите на грип. Но, она што е најважно и навистина треба да се потенцира, тој воедно **изјавува** и дека **овој напиток не е лек за корона вирусот.**



Веб порталот dialymail.co.uk исто така има објавено натпис поврзан со овој човек, а на тема „Какво е чувството да имаш корона вирус“. Преку оваа новинарска статија се опишуваат чувствата, симтомите и видот на болка која ја чувствувал Британецот од првиот ден кога се разболел, па до денот на неговото оздравување. На крајот од самиот напис, ден 72, датум: вторник, 4 февруари, 2020 може да го прочитате следниот текст:

> Day 72 — Tuesday, February 4: It seems the newspapers think it's terrific that I tried to cure myself with hot toddies.
>
> I attempt to explain that I had no idea at the time what was wrong with me — but that isn't what they want to hear.
>
> The headline in the New York Post says, 'UK teacher claims he beat coronavirus with hot whisky and honey.'
>
> I wish it had been that easy.

Тоа што веста е објавена од странски медиуми или веб портали, во случајов www.thesun.co.uk, а и според гореизнесеото во www.nypost.com, не значи дека истата е точна и вистинита. Во никој случај не треба без претходна проверка да биде пренесена преку нашите медиумски канали, а особено не во време на пандемија, кога речиси сите луѓе се преплашени и бараат разни методи за да го спречат заразувањето или да се излечат.

Сега да се навратиме на веста која ја анализираме, објавената во tocka.com.mk. Следен чекор беше, да ги провериме фотографиите. Со помош на веродостоен детектор за фотографии, утврдивме дека оригиналната вест за која се наменети овие слики, всушност немаат никаква поврзаност со темата на веста. Првата слика е од вест со наслов:”Првиот пациент од Odisha”, а втората за гужвите на кинеските аеродроми.

Оваа вест допира и ги засега сите луѓе ширум светот, бидејќи на некој начин го нуди лекот за пандемијата којашто секојдневно се шири сè повеќе и повеќе, а бројот на мртви драстично се зголемува од ден на ден. Не секому оваа порака би влијаела исто. Некои луѓе ќе истражат подобро и ќе дознаат дека се работи за дезинформација. Но, има поединци што ќе поверуваат, а тоа понатаму може да резултира со недоверба во здравството и непослушност кон лекарите, да доведе до критична здравствена состојба на луѓето кои не смеат да конзумираат алкохол, а би пиеле за лекување или превентина заштита од КОВИД – 19. Како и да е, последиците можат да бидат фатални.

Треба да се има во предвид дека недостатокот на клучни информации како што се: авторот на веста, лицето врз кое истата се базира и подетални информации за него, како и негова фотографија и веродостојна изјава, а воедно и недостатокот на потврда од Светската Здравствена Организација (WHO) или од истражувачките институти кои ги вршат испитувањата за вирусот алудираат на сомнеж во веродостојноста и вистинитоста

на сите вести. Анализираната вест, пак, уште еднаш ни потврдува дека треба да внимаваме на веродостојноста и вистинитоста на она што го пишуваме, во вакви времиња на страв и паника, особено кога се работи за човечкиот живот и човечкото здравје. Ова е само пример дека медиумската писменост може да не чини многу. Некогаш губиток на пари, појава на паника, страв, анксиозност, депресија, неинформираност. А во овој случај вреди живот.

Затоа еден апел до сите луѓе, од најмлади до најстари:

„Бидете особено претпазливи и проверувајте ја веродостојноста и вистинитоста на она што се пласира како новинарски продукт. Секогаш читајте внимателно и паметно! Медиумската писменост е одговорност на секој граѓанин! “

Автори:

Кристина Јовановска, 18 години

Ангела Наумческа, 18 години